Сејшели Авантура

4. февруари 2027. - 13. февруари 2027.
10 дена - 7 ноќи

Рај што навистина изгледа како на фотографиите

Бел песок, гранитни карпи, тропско зеленило и Индиски Океан во неверојатни нијанси. Сејшели се дестинација создадена за одмор, но и за истражување многу повеќе од една плажа.

Повеќе од класичен островски одмор

Програмата е создадена така што во едно патување ќе ги почувствувате различните лица на Сејшели. Има плажи и одмор, но и природа, локален живот, вкусови и острови што се сосема различни еден од друг.

Сместување на Махе

Престојуваме на најголемиот остров на Сејшели, Махе, и тоа во еден од најубавите и најживите делови на островот, каде се наоѓа и една од најпознатите и најубавите плажи. Одлична база за истражување на дестинацијата, со тропски шуми, скриени заливи, локален живот и вистинската атмосфера на Сејшелите на дофат.

Три острови во едно патување

Покрај Махе, ги посетуваме и Praslin и La Digue. Три острови со различен карактер, од тропската природа на Praslin до мирниот островски ритам и познатите гранитни плажи на La Digue.

10 излети вклучени во цената

Авантуристичко и динамично патување создадено за дестинацијата да ја доживеете во целост. Не случајно ги вклучивме сите 10 излети во пакетот: Victoria City Tour, Takamaka, Eden Viewpoint, Morne National Park, Port Glaud, Port Launay, Petite Anse, Anse Royale, Anse Soleil и Anse Intendance. Секој ден носи нова локација, нова атмосфера и ново искуство.

Плажи што се меѓу најпознатите во светот

Наместо да останете на една плажа, откривате различни заливи, пејзажи и нијанси на океанот. Од Махе до легендарната Anse Source d'Argent на La Digue, секоја плажа има свој карактер.

Сејшели и надвор од плажата □

Го запознаваме островскиот живот преку Викторија, локалните пазари, националните паркови, креолските вкусови и локалниот рум Takamaka. Така Сејшели не остануваат само убава фотографија, туку дестинација што навистина сте ја запознале.

Сè ти е средено. □

Летови, трансфери, сместување, локална организација и 10 излети вклучени во цената. **Тебе ти останува само да ги доживееш Сејшели.**

План и програма

Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање

Состанокот на патниците на Меѓународниот аеродром во Скопје. Лет од Скопје за Сејшели со преседување во Истанбул.

Превоз
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Скопје- Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

Место
Скопје, Истанбул

Ден 2: Пристигнување на Сејшели

Летаме од Истанбул за Mahe! Пристигнуваме на Сејшели во утрински часови. Добредојдовте во тропскиот рај! Организиран трансфер до сместувањето. Слободно време за одмор на плажа. Сејшели се сместени во Индиски океан, околу 1600 километри од источниот брег на Африка. Најголеми острови се Mahe, Praslin и La Digue. Поради положбата меѓу 4-тиот и 10-тиот степен на јужна географска ширина, островите се под тропска клима преку целата година. Прекрасни плажи, нереални бои и природа, тропски растенија и топли локалци.

Превоз
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул- Mahe (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж
Трансфер од аеродром до сместување

Сместување
Coral Strand Smart Choice Hotel 4* или Divers Lodge Guest House Seychelles **(1 ноќ)**

Место
Истанбул, Сејшели

Ден 3: Разгледување на главниот град, Дестилеријата Такамака и Плажата Anse Royale

Разгледување на островот Mahe - Главниот град Викторија, Дестилеријата Такамака, Видиковецот Еден и плажата Anse Royale. Го посетуваме главниот град Викторија, историскиот дел на градот. Шетајќи низ градот, уживаме во шареноликата слика која ја прават камените и дрвени куќи од раниот 20-ти век. Викторија има два главни центри - еден од нив е сместен околу “саат-кулата“ - реплика на Big Ben од Лондон која претствува симбол на Сејшелите. Вториот центар се карактеризира со пазарот Sir Selvin Selvin Clarke, кој е одалечен околу 5 минути пешкиод кулата со часовникот. Пазарот е изградено во 1840-та година, а го добива името по францускиот гувернер кој сам ги изградил штандовите за продажба на роба на локалните земјоделци и рибари. Овој пазар е навистина вреден за посета, поготово во сабота наутро, кога се нуди вистинската кошничка со производи - риба, зачини и егзотично овошје. Освен тоа, тука се наоѓа и кафич во кој можете да седнете и да ги впивате интензивните бои, звукови и мириси од пазарот, додека уживате во појадокот или ужинката. Едно од најпосетените места на Сејшелите и едно од омилените, посебно на фотографите, е шарениот хиндуистички храм кој се наоѓа во непосредна близина на пазарот. Оваа живописна градба во улицата Quincy Street е изградена во 1992-ра година и служи како место за молење на околу 5.000 Хиндуисти кои живеат во Викторија. Патниците кои сакаат, можат да ги соблечат патиките, да ги остават на влезот и да го посетат малиот храм. Следната станица ни е Видиковецот Еден од каде се отвора неверојатен поглед на Викторија. Продолжуваме до Дестилеријата Такамака, каде ќе се запознаеме со процесот на правење на најпознатиот Сејшелски рум. Остатокот од денот го поминуваме на една од рајските плажи на Сејшели - Anse Royale, каде ќе направиме супер фотографии. Се враќаме во сместувањето. **Ноќевање.**

Сместување
Coral Strand Smart Choice Hotel 4* или Divers Lodge Guest House Seychelles **(1 ноќ)**

Место
Сејшели

Храна
Континентален појадок × 1

Факултативни излети
СЕЈШЕЛИ - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА

Ден 4: Националниот парк Морне, Видиковецот Еден, Port Glaud Lagoon и плажата Port Launay

Го разгледуваме најголемиот национален парк на Сејшели - Морне, каде уживаме во локалната флора и фауна и одмараме на спектакуларните видиковци на островот. Следната станица ни е Видиковецот Еден од каде се отвора неверојатен поглед на Викторија. Потоа, продолжуваме со посета на некои од најубавите плажи на Mahe - Port Glaud Lagoon и Port Launay каде ќе уживаме во зајдисонцето. Враќање во сместувањето. **Ноќевање.**

Сместување
Coral Strand Smart Choice Hotel 4* или Divers Lodge Guest House Seychelles **(1 ноќ)**

Место
Сејшели

Храна
Континентален појадок × 1

Факултативни излети
СЕЈШЕЛИ - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА

Ден 5: Посета на најубавите плажи на островот - Petite Anse, Anse Soleil и Anse Intendance

Ден резервиран за капење и сончање на најубавите плажи на Сејшели! Првата станица ни е плажата Petite Anse, потоа Anse Soleil, па Anse Intendance. Се сончаме, бањаме и уживаме во локалните јадења и коктели во beach баровите. Се враќаме во сместувањето. **Ноќевање.**

Сместување
Coral Strand Smart Choice Hotel 4* или Divers Lodge Guest House Seychelles **(1 ноќ)**

Место
Сејшели

Храна
Континентален појадок × 1

Факултативни излети
СЕЈШЕЛИ - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА

Ден 6: Факултативен излет - Praslin и La Digue

Денот го започнуваме со утринско крстарење до соседниот остров - Praslin, втор по големина на Сејшели каде прво ќе го посетиме Valle de Mai.

Valle de Mai е "срцето на Praslin" и остаток од првобитните џунгли со палми на Сејшели. Често е опишуван како "рајска градина" благодарение на својата изолирана и мистична природа. Паркот е ставен под заштита уште во далечната 1966 година со преку 1400 стебла од уникатната палма Coco de Mer заради својата локација и уникатност. Во оваа недопрена џунгла, непроменета милиони години може да се пронајдат сите шест ендемски видови на палми од кои најпозната е Coco de Mer. Расте само на островите Praslin и Curieuse. Најстариот примерок е стар околу 300 години, висок е 27м, со совршено исправено стебло и лепезасти листови. Женските стебла произведуваат плодови во облик на срце и тежат до 25кг. – најголемиот и најтежок плод на светот. Палмата Coco de Mer е денес загрозен вид и се наоѓа на црвена листа бидејќи во изминатите 50 години нејзиниот број се намалил за 30%. Valle de Mai е исто така дом на реткиот вид на папагал – црн папагал. Иако го носи тоа име, не е во потполност црн, туку повеќе кафеаво-сив. Многу се срамежливи и најчесто може само да се слушнат.

По разгледувањето на Praslin, се враќаме на бродот и крстариме кон La Digue. Ако барате опуштена островска атмосфера, со прекрасни плажи, каде ќе бидете во допир со локалниот живот, La Digue е совршено место за вас. Најмалиот од трите главни населени острови, La Digue има население од само 2.000 жители. Без аеродроми, и со само мал број патни возила, ова е исклучително лежерно место со некои од најфасцинантните плажи на Сејшели. Плажите на La Digue се нешто што не треба да се пропушти. Без разлика дали ги сакате долгите сводови на беспрекорен бел песок или убавото крајбрежје, врамено од масивни гранитни карпи, овие плажи го одземаат здивот. На југот на градот, во рамките на L'Union Estate, се наоѓа Anse Source D'Argent - најпознатата плажа на Сејшели. На оваа плажа има и парк каде можеме да видиме музеј, стари мелници за кокос и џиновски желки. Уникатниот спој на кристално чиста вода, бел песок и импресивни гранитни карпи носат вистинско уживање, кое сите долго ќе го паметат. Покрај тоа, тука ќе имаме можност да возиме традиционално камионче и да уживаме во вкусна креолска кујна.

Сместување
Coral Strand Smart Choice Hotel 4* или Divers Lodge Guest House Seychelles **(1 ноќ)**

Место
Сејшели

Храна
Континентален појадок × 1

Факултативни излети
Praslin и La Digue

Ден 7: Факултативен излет - Плажата Anse Major

Слободен ден или факултативен излет на плажата Anse Major, една од најубавите плажи на Маhе. По излетот, враќање во сместувањето и слободно време. Ноќевање.

Сместување
Coral Strand Smart Choice Hotel 4* или Divers Lodge Guest House Seychelles **(1 ноќ)**

Место
Сејшели

Храна
Континентален појадок × 1

Факултативни излети
Плажата Anse Major

Ден 8: Слободен ден или факултативна посета во St. Anne Marine националниот парк

Слободен ден за уживање и одмор. Можност за организација на факултативен излет во St. Anne Marine националниот парк кој претставува преубав мал архипелаг од кој некој од помалите острови се поврзани со песочни спрудови, па може од еден до друг да се помине и пешки. Плажите се подиви и зрачат со неверојатна убавина. Враќање во сместувањето. **Ноќевање.**

Превоз
Трансфер од сместување до аеродром
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Маxе - Доха (Qatar Airways), во економска класа со вклучен багаж

Сместување
Divers Lodge Guest House Seychelles или Coral Strand Smart Choice Hotel 4* **(1 ноќ)**

Место
Сејшели

Храна
Континентален појадок × 1

Факултативни излети
ST. ANNE MARINE NATIONAL PARK

Ден 9: Враќање и крај на патувањето

Го напуштаме сместувањето во претпладневните часови. Купуваме сувенири, уживаме и се збогуваме со овој фасцинантен остров. Вечерен трансфер до аеродром. Лет до Скопје со преседнување во Истанбул.

Превоз
Трансфер од сместување до аеродром
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Маxе-Истанбул (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

Место
Истанбул

Храна
Континентален појадок × 1

Ден 10: Пристигнување во Скопје и крај на патувањето.

Лет од Истанбул до Скопје. Пристигнување во Скопје и крај на патувањето.

Превоз
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Истанбул - Скопје (Turkish Airlines), во економска класа со вклучен багаж

Место
Истанбул, Скопје

Цени и услови

Сместување	Сместување
Divers Lodge Guest House	**Coral Strand Smart Choice Hotel 4***
Што е вклучено	**Што е вклучено**
Регуларна цена **1.749,00** EUR	Регуларна цена **2.049,00** EUR
ПРОМО ПОПУСТ! Попустот важи за првите 4 пријави!!! **1.549,00** EUR	**ПРОМО ПОПУСТ!** Попустот важи за првите 4 пријави!!! **1.849,00** EUR

Не е вклучено

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Индивидуални трошоци за времетраење на аранжманот
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Авторизација за влез на Сејшели (10 EUP)
- Туристичка такса за Сејшели која изнесува 5€ (за Divers Lodge) или 7€ (за Coral Strand Hotel/Savoy) од ноќевање/по лице.

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скренирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на

патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

Доколку се пријавите како **соло патник**, потребна е **доплата за еднокреветна соба**. Со цел да го избегнете овој трошок по пријавата ние ќе го рекламираме Вашето поаѓање на нашите социјални медиуми за да најдеме друг соло патник кој би сакал да дели сместување со Вас. Агенцијата нема обврска задолжително да Ве спои со друг соло патник доколку никој не се пријави. **Во тој случај, доплатата за еднокреветна соба останува** како ставка за плаќање од страна на пријавениот патник.

Факултативни излети

СЕЈШЕЛИ - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА

ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА

- **Посета на главниот град Махе (Mahe) - Victoria City Tour**
- **ПОСЕТА НА ТАКАМАКА - ДЕСТИЛЕРИЈАТА ЗА РУМ**
- **ВИДИКОВЕЦОТ ЕДЕН**
- **НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК МОРНЕ**
- **Port Glaud Лагуната**
- **Плажата Port Launay**
- **Плажата Petite Anse**
- **Плажата Anse Royale**
- **Плажата Anse Soleil**
- **Плажата Anse Intendance**

Praslin и La Digue

Цена: **195,00** EUR

Денот го започнуваме со утринско крстарење до соседниот остров Праслин (Praslin), втор по големина на Сејшели, каде ќе имаме можност да видиме Коко де Мер, едно од најголемите овошја во светот и симбол на Сејшелите! Расте само на островите Praslin и Curieuse. Најстариот примерок е стар околу 300 години, висок е 27м, со совршено исправено стебло и лепезасти листови. Женските стебла произведуваат плодови во облик на срце и тежат до 25кг! Палмата Coco de Mer е денес загрозен вид и се наоѓа на црвена листа бидејќи во изминатите 50 години нејзиниот број се намалил за 30%. Ја посетуваме и Anse Lazio, една од најпознатите плажи на Сејшели!

Потоа се враќаме на бродот и крстариме кон La Digue. Ако барате опуштена островска атмосфера, недопрена природа и прекрасни плажи, La Digue е совршено место за вас. Најмалиот од трите главни населени острови, La Digue има население од само 2.000 жители. Без аеродром и само неколку возила, ова е многу опуштено место со некои од најфасцинантните плажи на Сејшели. На југот на островот, во рамките на комплексот L'Union Estate, се наоѓа Anse Source D'Argent - најпознатата плажа на Сејшели, а и на #Цел Свет. На оваа плажа има и парк каде што можеме да видиме музеј, стари мелници за кокос и џиновски желки. Тиркизната вода и бел прашкаст песок со препознатливите и впечатливи гранитни карпи ќе направат никогаш да не го заборавите ова место кое буквално потсетува на рај! Ќе имаме можност да се возиме во традиционално камионче, но и во прозирен кајак и да уживаме во вкусната креолска кујна!

Во цената на излетот е вклучено: трансфери според предвидениот план и програма, ручек (без дегустација на пијалоци), преставник од агенцијата, влезница на плажата Anse Source D'Argent

Плажата Anse Major

Цена: **65,00** EUR

Anse Major е една од најубавите плажи на Махе. Залив на северот на островот со две прекрасни бели коралнии плажи и слатководна лагуна. Плажата е мала, но прекрасна, со неколку палми и многу вегетација. Во водата може да влезете било каде долж песочната плажа, а гребенот во близина на плажата е погоден за нуркање. Овде може да видите најразлични видови риби кои се вбројуваат во најживописните видови кои живеат околу Махе. Факултативниот излет ќе се организира во попладневните часови.

Цената на излетот вклучува: трансфер по предвидениот план и програма и ручек.

ST. ANNE MARINE NATIONAL PARK

Цена: **85,00** EUR

Преубав мал архипелаг кој се наоѓа источно од Махе. Некои од овие острови се поврзани со песочни спрудови кои за време на осеката даваат посебна убавина и можност пешки да шетаме од остров до остров. Плажите се подиви, а локалците ни подготвуваат храна, со што дополнително ни ги "доловуваат" убавините на овој архипелаг. Ќе имаме прилика да се сретнеме со разноврсен подводен свет, а ќе уживаме и во панорамска разгледување од самиот брод.

Цената на излетот вклучува: трансфер со брод со прозирно дно, ручек, влезница во националниот парк, сноркелинг (на две места) и локален водич.

Сместување

Divers Lodge Guest House Seychelles

Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.

Divers Lodge Guest House е приватен мал Хотел/Guesthouse на Северниот брег на Островот Махе на Сејшели. Централно е лоциран на неколку метри од познатата плажа Beau Vallon Beach. Имотот е опколен со тропска атмосфера, а генерално сите соби имаат поглед кон океанот и имаат балкон. Собите се двокреветни и располагаат со приватен тоалет, клима уред, фрижидерче, електричен kettle, ТВ со локални канали и бесплатен Wi-Fi.

Услугата е на база ноќевање со појадок!

Сајт
https://www.diverslodgeseychelles.com/

Адреса
Beau Vallon
Mare Anglaise
Mahe
Seychelles

Coral Strand Smart Choice Hotel 4* ****

Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.

Coral Strand Smart Choice Hotel е сместувачки објект на Сејшели со ****(по локална категоризација) кој располага со двокреветни соби. Хотелот располага со сопствен beach & pool bar, ресторан и плажа.

Услугата е на база ноќевање со појадок, полу-пансион или all-inclusive

Опционална доплата за:
Полу-пансион (појадок и вечера) -- 300€ по лице
All-Inclusive (појадок, ручек, вечера и безалкохолни/алкохолни пијалоци) -- 1200€ по лице

Сајт
https://coralstrand.com/

Адреса
Beau Vallon Bay
Beau Vallon
Seychelles

Превоз

Авион

Патнички авион (линиски авион или комерцијален транспортен авион) е голем авион првенствено наменет за комерцијален превоз на патници и товар.

Локален трансфер

Помало превозно средство за најчесто до 15 патници. Во зависност од земјата може да биде со помал или поголем комфор.

Места

Скопје

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

Истанбул

Истанбул е најголемиот град во Турција, кој се наоѓа долж течението на Босфорскиот теснец кој ја поврзува обалата на Мраморното со Црното Море. Овој огромен град, единствен на светот изграден на два континента (Европа и Азија), има површина од речиси 6.000 км2 и брои над 15 милиони жители според официјални мерења, односно 20 милиони неофицијално. Денес тој е најзначајниот турски град. Брои преку 20 универзитети, многу библиотеки, културни центри, неизмерно богатство од културно-историски споменици. Иако не е главен град на државата, Истанбул е големо економско и културно седиште на Турција, како и најатрактивниот и најпосетен туристички центар.

Сејшели

Сејшели се сместени во Индиски океан, околу 1600 километри од источниот брег на Африка. Најголеми острови се Mahe, Praslin и La Digue. Поради положбата меѓу 4-тиот и 10-тиот степен на јужна географска ширина, островите се под тропска клима преку целата година. Прекрасни плажи, нереални бои и природа, тропски растенија и топли локалци.

Корисни информации

Сејшели

1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ:

Главен град: Викторија

Површина: 459 km²

Број на жители: 94.228 (2016.)

Население: најголем дел Французи, Африканци, Индијци и Кинези

Јазик: француски, англиски, креолски

Вероидповед: христијани - римокатолици

Локално време: UTC + 4

Независност: 26.jun 1976.

Валута: сејшелски рупии

2. ВИЗИ:

Виза за Сејшели не е потребна за граѓаните на Република Северна Македонија за туристички престој до 90 дена. Пасошот мора да важи најмалку 6 месеци по враќањето од патот (минимум 2 слободни страници).

3. ВРЕМЕНСКАТА ЗОНА е **UTC + 4**, односно при пресметување на зимското време разликата помеѓу С. Македонија и Сејшели е 3ч и за време на летото е 2 ч, бидејќи Сејшели не преминува на летно сметање на времето.

4. ЗДРАВСТВЕНА СОСТОЈБА:

Водата не е за пиење, се користи само флаширана вода и се избегнува мраз. Вода од шише се користи и за миење на забите.

Не е неопходна вакцина за влез во Сејшелите.

Што се однесува до лекови за маларија, не е неопходно да се земаат затоа што во Сејшелите нема маларија, но за ова консултирајте се со Вашиот лекар. Важно е да се знае дека лековите не штитат 100% од маларија и можат да имаат несакани дејства.

Со Вас понесете лекови за редовна терапија доколку ја примате, пробиотик, лекови за намалување на температурата, за болка или лекови што обично ги носите со себе на патување. Исто така, понесете и крема сончање и Аутан.

Препорака е да имате здравствено осигурување. Можете да уплатите здравствено осигурување во агенцијата најдоцна 5 дена пред поаѓање. За цената на осигурувањето, обратете се во агенцијата.

5. БЕЗБЕДНОСТ:

Сејшели е безбедна дестинација, но се препорачува да се чуваат скапоцените работи во сместувањето бидејќи секогаш постои можност за кражба на улиците или плажите.

6. КЛИМА:

Сејшелите имаат слична температура во текот на целата година кога ноќите ретко достигнуваат под 24 степени, а денот ретко надминува 33. Може да очекувате постојана промена на облаците и сонцето, бујно зеленило и влажност затоа што ова е тропска дестинација.

7. ХРАНА:

Кујната на Сејшели настанала под влијание на француската, британската, индиската, африканската и арапската кујна, создавајќи целосно уникатна кујна, каде што најважни намирници се оние што се наоѓаат во нивната околина: морска храна, риба, како и разни тропски овошја и зачини. Особено ѓумбир, кари и чили. Речиси секое јадење има најмалку еден од овие три зачини во себе.

8. ОБЛЕКА:

Од облека треба да понесете летна, полесна гардероба, но задолжително со себе понесете неколку долги ракави и долги панталони, пред се поради авионите, но и можноста за пад на температурата.

9. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА:

Валутата која во оптек е Сејшелски рупии - SCR.

1ЕУР = 15 SCR, 1 $ = 13 SCR.

Препорачливо е да носите долари со себе бидејќи е најприфатена валута на Сејшелите.

Во подобрите хотели и во главниот град, има банкомати и сите услуги можат да се плаќаат со картички или во странска валута (евра и долари), а истото важи и за изнајмување автомобил. За деталите консултирајте се со вашата банка и не заборавајте да пријавите заминување во странство за да не ви ги блокираат картичките.

10. СТРУЈА, ИНТЕРНЕТ И КОМУНИКАЦИЈА:

Во повеќето случаи, нашите мрежи работат во Сејшели.

Сите сместувања имаат wi-fi.

Во однос на електричната енергија, напонот е ист како нашиот, но потребни Ви се адаптери за приклучок. Влезот е ист како и за Велика Британија (три рамни конектори).

Не можете да набавите адаптери на дестинацијата.

11. СУВЕНИРИ:

Од сувенири препорачуваме: Такамака рум, Coco de mer - морски кокос (многу е важно да имате автентичен сертификат за купување, т.е. да добиете сертификат затоа што од 2017 година е воведен закон кој строго го контролира шверцот од ваков вид, без оригинален сертификат може да завршите во затвор), нешто со мотиви од желка кои се заштитен знак на Сејшели, есенцијални масла, накит од креол и уметнички дела, марами, фустани...

12. ДРУГИ НАПОМЕНИ:

Не ви треба меѓународна возачка дозвола за изнајмување автомобил или мотор во Сејшели.

Важни напомени

Напомени:

Општи напомени:

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/неа, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува “саатницата” одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците

дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.

- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.
- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

Напомени во врска со сместувањето:

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с□ треба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

Напомена во врска со факултативните излети:

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

Напомена во врска со визите:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не посеуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.

- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.